

**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИ ОД ЕГЕЈСКА И ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Д-р Танас Вражиновски е познат фолклорист, истражувач на македонскиот прозен фолклор, посебно на народните преданија и митологијата. Исто така, се занимава и со македонското иселеништво со посебна нагласка на Македонците кои потекнуваат од егејскиот дел на Македонија, а на кои Канада им е втората и вечна татковина**

Вражиновски е роден на 23 јули 1941 година во револуционерното село Смрдеш, Костурско. По Граѓанската војна во Грција (1948) како дете бил однесен во Тулгеш

(Романија), каде што го започнал основното образование, а потоа се преселил во Крошченко (Полска), каде што го завршил основното образование (1955). Средно образование завршил во Јарослав (Полска, 1961), а студирал словенска филологија во Краков (Полска) и дипломирал на Филолошкиот факултет во Софија (1966). Потоа бил професор по руски јазик во Гимназијата во Сењава (Полска, 1966-1970).

Танас Вражиновски го напуштил родното место, но тоа не го напуштило него. Тој постојано го носи во срцето и живо се сеќава на детските денови, а особено за историскиот развој на селото Смрдеш. Тоа е  едно од поголемите патриотски македонски села во Костурско, кое дало бројни борци за слобода на Македонија. Смрдеш е планинско село и се наоѓа на педесетина  километри југозападно од Лерин и на околу четириесет километри северозападно од Костур, во подножјето на планината Корбец во областа Корешта. Тоа е сместено на само три километри од грчко-албанската граница.

Инаку, селото Смрдеш за првпат е споменато во османски дефтер од 1530 година  под името Исмирдеш,  кое тогаш броело 53 домаќинства. После 1900 година жителите на селото, заедно со жителите на соседното село Д’мбени играле водечка улога во тој дел на Македонија, во борбите за ослободување на македонскиот народ. Селото Смрдеш е познато како комитско село од кое потекнуваат бројни војводи, меѓу кои, Васил Чакаларов, Пандо Кљашев. Таму престојувале голем број познати борци со своите чети, меѓу кои и Борис Сарафов. Затоа, за одмазда кон македонското население во селото, вечерта на 8 спроти 9 мај 1903 година, редовна турска војска го нападнала селото. Притоа, биле убиени и ранети стотина жители, 300 куќи биле изгорени, заедно со двете училишта и дваесетина дуќани, а околу 1500 жители останале без покрив над главата.



[illegible]





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**